СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

Програма 2025-2029

# ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

СОВЕТНИЧКА
ЛИСТА

5

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



**Почитувани сограѓани,**

Јас, како активен член на заедницата, заедно со другите членови на советничката листа ќе се залагаме за функционална и заедничка соработка со сите жители на нашата општина, без разлика на нивната национална или партиска припадност, со цел да овозможиме поквалитетен и достоинствен живот во Центар Жупа. Во претходните години докажавме како треба да функционира една мала рурална средина, каде што ги асфалтиравме сите локални патишта до сите населени места.

Ве повикувам да ни ја дадете вашата поддршка за да продолжиме да ја градиме и да имаме уште поубава и проевропска општина.

# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Центар Жупа

Ние сме тимот што ќе ве претставува вам и што ќе работи за ваше и наше заедничко добро, за заеднички живот во нашата општина. Подготвени сме целосно да одговориме на функцијата советник во Советот на општината и сплотени заедно да го дадеме најдоброто за Центар Жупа. Заедно можеме да обезбедиме побезбедни улици, поддршка за малите бизниси и почиста околина во која живееме. Вашиот глас, наша обврска! Нашата работа, во ваш интерес! Да си подадеме рака за помодерна и поефикасна општина!

1. Ајрис Беќировски, р. 1982, професор, СДСМ
2. Казафер Емруловски, р. 1958, професор, СДСМ
3. Љулевере Ферат, р. 1976, СДСМ
4. Сердар Висел, р. 1996, средно стручно, СДСМ
5. Фестиме Мимидиновска, р. 1975, СДСМ
6. Реулета Ракиповска, р. 1965, наставник, СДСМ
7. Суела Беќировска, р. 1999, економист, СДСМ
8. Егзон Таировски, р. 2005, средно гимназиско, СДСМ
9. Есма Џафероска, р. 1999, средно гимназиско, СДСМ

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Асфалтирање на пат од Мал Папрадник до брегот на Дебарско Езеро;
- Рехабилитација на патот Центар Жупа – Бајрамовци;
- Проширување на патот од Центар Жупа до с. Мал Папрадник;
- Рехабилитација и реконструкција на  дел од  патот Долно Мелничани - с. Броштица  до место викано Бела Вода до влезот на селото;
- Асфалтирање на патот до село Црнобоци;
- Асфалтирање на регионалниот пат Центар Жупа - Брештани - Коџаџик - Новак;
- Асфалтирање на улица во с. Коџаџик;
- Поставување фотоволтаици на ОО „Мустафа К. Ататурк“,  Центар Жупа и ОО „Неџати Зекирија“, с.Коџаџик;
- Поставување фотоволтаици на СОУ „АТА“ Центар Жупа и општинската зграда;
- Реконструкција и санација на мерно регулациска опрема за водоснабдителен систем и замена на старите водомери со нови.

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

За Центар Жупа

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!



Водиме грижа за секој,  го нудиме најдоброто за младите, за возрасните, за сточарите, најдоброто за мажите и жените, најдоброто буквално за сите.

- **За децата**

Изградба на нова детска градинка, детски игралишта и паркови  за најмладите.

Општина Центар Жупа, за жал, сè уште не располага со градинка за згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст. Потребата од изградба на градинка е голема бидејќи на нашите деца им се ускратува можноста за предучилишно воспитание и рекреација. Нашата цел е изградба на градинка за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, која ќе обезбеди престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој на децата. Бидејќи станува збор за рурална општина, градинката ќе биде со капацитет од 30 деца и ќе се работи во комбинирана паралелка.



- **За учениците**

Обновени училници, обновени тоалети, нови наставни помагала, нови/обновени универзални игралишта во секое училиште, уредување на училишните дворови.

- **За младите**

Изградба на фудбалски стадион за голем фудбал и други спортски терени, опремување на спортска сала.

- **За пензионерите**

Реновирање на Домот на пензионери, бесплатни екскурзии низ државата и надвор од неа, бесплатен превоз до Дебар.

- **За сточарите и земјоделците**

Ќе организираме обуки за сите заинтересирани сточари што сакаат да аплицираат за субвенции, со што ќе им излеземе во пресрет за полесно да пристапуваат до фондовите и ИПАРД-програмите, во кои има многу поволности за инвестиции во земјоделството и руралниот развој.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ▪ Рехабилитација и реконструкција на дел од патот Долно Мелничани Броштица од место викано Бела Вода до с. Долно Мелничани

Патот е изграден пред 25 години и е неопходна негова реконструкција. Во претходниот мандат со помош на централната власт еден дел од патот се реконструира во должина од 1,5 км. Со овој проект ќе се рехабилитира и преостанатиот дел од патот, ќе се постави нов асфалт во ширина од 4,5 метри.

**Влијание на проектот:**
Со овој проект ќе се овозможи поквалитетен живот за жителите од овој дел, а ќе се подобри и комуникацијата со другиот дел од општината.

**Целна група:**
Сите граѓани

**Рок на реализација**
2027 година

**Буџет**
600.000 евра





## Изградба на нов базен за вода за пиење во населеното место Илешка Краста, Центар Жупа

Како еден од главните проблеми, особено во летните месеци, е водоснабдувањето во  нашата општина. Со изградба на резервен базен за вода овој проблем ќе се надмине и ќе се подобри водоснабдувањето, а со тоа ќе се намалат и рестрикциите.

**Влијание на проектот:**
Населени места што се поврзани иго  користат овој водовод се: Голем Папрадник, Мал Папрадник, Центар Жупа, Баланци, Житинин и Оџовци.

**Целна група:**
Сите жители

**Рок на реализација**
2027 година

**Буџет**
100.000 евра

# ПРОЕКТИ

## Асфалтирање на пат до населено место Вапа

Патот е во должина од 2 км и е земјен, кој никогаш досега не бил асфалтиран.

**Влијание на проектот:**
Подобрување на патната инфраструктура за жителите од овој дел.

**Целна група:**
Жители на населеното место, сточари, земјоделци

**Рок на реализација**
2027 година

**Буџет**
100.000 евра

## Санација на потпорен ѕид на селско игралиште во с. Броштица

Зголемување на безбедноста на жителите.

**Влијание на проектот:**
Намалување на потребата од прекумерно користење автомобилски превоз преку целосна реорганизација на паркирањето во општината

**Целна група:**
Жители на село Броштица

**Рок на реализација**
2027 година

**Буџет**
50.000 евра

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- **Мал Папрадник**

1. Бетонирање на дел од селската бразда

- **Броштица**

1. Отворање на пристапен пат до базенот за водоснабдување
2. Санирање на потпорен ѕид на селското игралиште

- **Новак**

1. Отворање, односно трасирање на земјени патишта за поврзување на селото со планинските пасишта
2. Изградба на каптажа на вода за пиење од изворот Насуфова млака во село Новак и изградба на водоводна мрежа од изворот до постојниот резервоар.

- **Праленик**

1. Изградба на нов крак за водоводна мрежа во должина од 4 км.

- **Елевци**

1. Асфалтирање на училишниот стадион
2. Поставување улично осветлување на дел од улиците

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА